Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **Настел Дооел,** за кастрење на дрва, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: кастрење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 2 (две) дрва (јапонски цреши) што се наоѓаат **на ул. "Максим Горки" бр.13 – Скопје.**
2.Кастрењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило"

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Настел Дооел - Скопје, ул. "Максим Горки" бр.13,** има поднесено барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. **14-6/339** од **30.05.2024** година, за кастрење на дрвата што се наоѓаат **на ул. "Максим Горки" бр.13 – Скопје.**

Службено лице од град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. Утврдено е дека дрвата предмет на барањето, имаат разгранета крошна пред влезот во бизнис центарот и истите потребно е да се искастрат.

Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план, како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,,. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека зеленилото е во состојба дека треба да се искастри, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/339/2**
**06.06.2024** година
Скопје

**Доставено до:**
-Барателот
-ЈП "Паркови и зеленило"
-Архива

изготвил:
**Марија Стојановска**
___________________
Раководител на Одд.
**Емил Ѓуровиќ**
___________________
Пом. Раководител на Сектор
**Драги Митковски**
___________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
___________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT - SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT